22130131

International Baccalaureate®
Baccalauréat International
Bachillerato Internacional

**MACEDONIAN A: LITERATURE – STANDARD LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A : LITTÉRATURE – NIVEAU MOYEN – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A: LITERATURA – NIVEL MEDIO – PRUEBA 1**

Wednesday 8 May 2013 (morning)
Mercredi 8 mai 2013 (matin)
Miércoles 8 de mayo de 2013 (mañana)

1 hour 30 minutes / 1 heure 30 minutes / 1 hora 30 minutos

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a guided literary analysis on one passage only. In your answer you must address both of the guiding questions provided.
- The maximum mark for this examination paper is *[20 marks]*.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N'ouvrez pas cette épreuve avant d'y être autorisé(e).
- Rédigez une analyse littéraire dirigée d'un seul des passages. Les deux questions d'orientation fournies doivent être traitées dans votre réponse.
- Le nombre maximum de points pour cette épreuve d'examen est *[20 points]*.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un análisis literario guiado sobre un solo pasaje. Debe abordar las dos preguntas de orientación en su respuesta.
- La puntuación máxima para esta prueba de examen es *[20 puntos]*.


© International Baccalaureate Organization 2013

https://xtremepape.rs/

*Напишете, според упатството, литературна анализа на само* ***еден*** *од следниве извадоци. Вашиот одговор мора да се однесува на двете долунаведени прашања.*

**1.**

**Банана**

Дали можете да претпоставите како предисториските женки јаделе банана? Дали знаете како денес некоја жена јаде банана? Како се јаде банана на плантажите во Кипар, како во Африка, како во Бакингемската палата? Дали знаете како некој маж јаде банана? Како еден пребарувач на контејнери јаде банана, како некој актер во комедија, а како Кире Бананамен? Како мајмунчето Алис јаде банана? Што прво ќе помислите ако поминете покрај група момчиња кои истовремено јадат банани? Дека се спортисти пред тренинг?

Ме интересира како лично вие јадете банана (ако воопшто јадете, се разбира). Еве на пример, како ја лупите бананата? Од кој крај почнувате да ја лупите? Што чувствувате додека ја лупите? Што чувствувате додека ја отворате широко устата? Што кога ќе ја гризнете? Што, додека ја џвакате? И што откако ќе ја голтнете?

Да замислиме дека сте дека присуствувате на некој прием, на ред е овошјето, многу раце една по една се подаваат кон кристалните садови и позлатените овали со пирамиди од овошје … дали ќе посегнете по портокал, киви или банана? Зошто портокалот? А зошто бананата? Дали можеби посакувате да ја земете бананата, а сепак земате портокал? Не, вие сте од оние кои земаат токму тоа што сакаат, банана значи. И? Дали останувате тука и ја лупите каде што се затекнавте или се повлекувате на некое друго место? Ви доаѓа ли на ум да земете уште една и да му ја понудите на вашиот соговорник за да не бидете сами во јадењето? Или можеби велите: „А да си ја поделиме еднава банана, мене ми е многу една цела?“ Не, ја отфрлате таа опција, тоа не е културно, па како ќе ја земе излупената половина? Секој својата или подобро и без неа. Веќе сте ја зеле, залупиле, таа се смалува рамномерно под вашите рамнодушни гризнувања, небаре јадете колаче, и слушајќи го соговорникот, ете, дури и заборавивте да ѝ се насладите понесени од неговата приказна … но, сепак добро ќе му дојде на вашиот желудник … Или можеби ви е криво што сте принудени да слушате, па не можете да се сконцентрирате на нејзиниот вкус … или пак глумите дека уживате и во разговорот и во бананата, …

Габриела Стојаноска, *Блесок*, број 53 (2007)

(a) Опишете го ефектот на употребата на хуморот во овој извадок.

(b) Што мислите за употребата на прашања и вивидно изразување во извадокот?



https://xtremepape.rs/

**2.**

**Тан нак ра**

Во темен рог дува древниот бог
– нѐ вика.  Попаднал в трње и драч
се качил на стог од шумскиот глог
и подигнал раце слично на врач.

А од нас, секој сам, занесено
блуди и сопствена светост следи.
Од вечноста црпи понесено
и дрско – простор и време реди.

Притаено, вселената, слуша
немо, пропушта звуци и зраци.
Чека, скришум таложејќи душа,
да проблеснат нејзините знаци.

Која вселена, кој човек и бог
ни налага заводлив сјај и мрак:
сѐ во сѐ се ткае и слог во слог
се гнезди, со љубов на брат и враг.

Која вселена, кој бог и човек,
очекува заводлив сјај и мрак.
Сѐ во сѐ се ткае – секој ловец
нитка има и прескокнува праг.

Весна Ацевска, *Подготовки за претстава* (1985)

(a) Која е темата што доминира во оваа песна, и како таа се истражува и како се развива во развојот на песната?

(b) Опишете ги стилските изразни средства во песната.



https://xtremepape.rs/